Друштво за собирање и примарна преработка на отпадоци
ЕКОЦЕНТАР 97 извоз-увоз ДООЕЛ
Бр. 0307-23
08.03 2021 год.

Друштво за транспорт градежништво и трговија "ВАТО" ДОО
Бр. 0307-367
10.03 2021 год.
СТУДЕНИЧАНИ

# ДОГОВОР

За превземање на отпадни акумулатори и батерии помеѓу:

**1. Друштво за собирање и примарна преработка на отпадоци извоз-увоз ЕКОЦЕНТАР 97 ДООЕЛ од Скопје,** со седиште на Ул.1632 бр.10/II Скопје, со ЕДБ:MK4030996203809 и ЕМБС:5124514 застапувано од управителот Момировски Владо, во понатамошниот текст ***Превземач***, и

**2. Друштво за транспорт ,градежништво и трговија ВАТО ДОО Студеничани** , со седиште на ул.4 бр.19 , Батинци –Скопје, со ЕДБ МК 4030001421949 и ЕМБС 5545757, застапувано од законски застапници , во понатамошниот текст ***Поседувач***

Договорените страни се договорија за следното :

***Предмет на договорот***

Член 1

Согласно Законот за управување со отпад, предмет на овој Договор е превземање на отпадни акумулатори и батерии кои што се сопственост на ***Поседувачот,*** по цена за отпадните акумулатори, за која што ќе се дава конкретна понуда во времето на превземањето, додека пак за отпадните батерии исите се превземаат без надомест

***Права и обврски на договорните страни***

Член 2

***Превземачот*** се обврзува да ја превземе отпадот од член 1 од овој Договор согласно Законот за управување со отпад и другите подзаконски акти како и спречување злоупотреба на истиот.

***Превземачот*** поседува важечки дозволи, и тоа: Дозвола за складирање и третман на отпад и Дозвола за собирање и транспорт на отпад, издадени од Министерство за животна средина и просторно планирање на РМ.

***Превземачот*** се обврзува на Поседувачот да му издаде соодветна документација согласно законските прописи и тоа:

- транспортен формулар,
- заверен товарен лист,
- идентификационен формулар,
- кантарска белешка,

Член 3

***Поседувачот*** се обврзува да ги завери и да ги потпише сите формулари наведени

во чл.2

Член 4

Превземачот и поседувачот се согласни дека транспортот на отпадните акумулатори и батерии ќе биде на товар на поседувачот.

***Важност и времетраење на договорот***

Член 6

Договорот за превземање на отпадните акумулатори се склучува за период од две години, а истиот влегува во сила од датумот на негово потпишување од двете страни.
Истиот овој договор подлежи на промени со потпишување на Анекси од двете страни.

***Раскинување на договорот***

Член 7

Секоја Договорна страна може да го раскине овој Договор писмено известување во отказен рок од 30 дена доколку другата страна не ги исполнува обврските.

Било која страна ќе има право да го раскине овој Договор во случај доколку: (i) било која страна стане инсолвентна или не може да ги плати своите долгови кога ќе доспеат за плаќање, или доколку е покрената или започната постапка за стечај или реорганизација, или доколку е назначен стечаен управник за цел или дел од имотот; и/или (ii) било која страна стори материјално прекршување на обврските од овој Договор, кое прекршување нема да успее да го поправи во рок од дваесет (20) дена по приемот на известување доставено од другата страна во кое е наведено прекршувањето, во тој случај другата страна ќе има право веднаш да го раскине овој Договор со доставување на писмено известување, без оглед на било кои други права или правни лекови кои и стојат на располагање

***Важечко право и разрешување на спор***

Член 8

Овој Договор ќе биде интерпретиран и исполнет согласно законите на Република Северна Македонија.

Во случај на спор договорните страни се согласни дека истиот ќе го решат во спораузм и спогодбено како резултат на добрата деловна соработка, но доколку истото не можат да го постигнат, надлежен е Основен суд Скопје 2 Скопје.

**Член 9**

Договорот се склучува во 2 (два) еднообразни примероци од кои по 1(еден) за секоја договорна страна.

**ЕКОЦЕНТАР 97 ДООЕЛ**

Потпис: ______________________

**ВАТО ДОО**

Потпис: ______________________